Македонско еколошко друштво
Бул. Борис Трајковски, улица 7, број 9А
1000 Скопје, Македонија
тел: 02 2402 773
моб: 078 371 175
contact@mes.org.mk
www.mes.org.mk

Врз основа на одредбите од Статутот на Македонското еколошко друштво (МЕД), Собранието на МЕД, на ден 10.03.2023 година, ја донесе следната

**ПОЛИТИКА**
**За поддржување, поттикнување и промовирање на родова еднаквост во рамките на Здружението**

*Вовед*

1.1 Македонското еколошко друштво како здружение е посветено на промоција и запазување на највисоките стандарди и принципи за родова еднаквост, истакнување на родовите аспекти при буџетирањето и финансиското работење на организацијата и интегрирање на родовите принципи во мониторинг и евалуација на програмите на Здружението.

1.2 Заради ефикасно промовирање на својата политика за родова еднаквост, Македонското еколошко друштво одржува динамична рамка што кореспондира со нејзината оперативна и административна средина, и притоа ги искористува поуките и добрите практики развиени во насока на поддршка, поттикнување и промовирање на родова еднаквост.

1.3 Во рамките на своето работење, Здружението ги прифаќа дефинициите утврдени со Законот за спречување и заштита од дискриминација, Законот за еднакви можности на жените и мажите, Законот за превенција, заштита и спречување на семејно насилство и Конвенцијата на Советот на Европа за превенција и борба против насилството врз жената и семејното насилство.

1.4 За потребите на овој Правилник, под терминот „работници“ ќе се сметаат: вработените, ангажираните лица, практиканитите и волонтерите на Здружението.

*Дел 2*

*Цел*

2.1 Целта на овој документ е да ги опише напорите на Македонското еколошко друштво за утврдување на ставовите по однос на потребата за поддржување, поттикнување и промовирање на родова еднаквост во рамките на Здружението.

2.2 Целта на овој документ е:

- подигнување на свеста за значењето на постоењето на родовата еднаквост како концепт во самото општество;
- подигнување на свеста за значењето на постоењето на родовата еднаквост како

Македонско еколошко друштво
Бул. Борис Трајковски, улица 7, број 9А
1000 Скопје, Македонија
тел: 02 2402 773
моб: 078 371 175
contact@mes.org.mk
www.mes.org.mk

механизам за обезбедување на економска независност и заштита од физичко, психичко и економско насилство, како и сексуална експлоатација и злоупотреба;

- промовирање на работни позиции, краткорочни ангажмани и волонтерски позиции кои се однесуваат на сите луѓе без разлика на нивниот род, пол, материјална состојба, политичко убедување, сексуална ориентација, религија, национална припадност, и други основи кои се третираат како основи за дискриминација согласно македонските закони и меѓународните конвенции.
- консолидирање на процедурите за идентификување, истрага и санкционирање на повреда на принципот на родова еднаквост во Здружението, и
- обезбедување на конкретни и практични совети до работниците, волонтерите и надворешните соработници, како и на членови на Претседателство, Собрание и други управни тела на Македонското еколошко друштво за идентификување на потенцијални повреди на принципот на родова еднаквост во Здружението и соодветно постапување заради заштита од таквите повреди.

*Дел 3*
*Опсег*

Оваа политика се применува во секојдневното работење на Здружението, од аспект на избор на членови на Претседателство, Собрание и други управни тела на организацијата, ангажирање на работници, волонтери и надворешни соработници, како и од аспект на привлекување и прием на членство. Здружението особено се обврзува да внимава преку своите искази во медиумите и во секојдневното работење да пристапува со особено внимание со цел да прикажува акт на поттикнување, поддршка и промоција на родова еднаквост. Дополнително, Здружението е посветено на промовирање на баланс во животот и работата на сите нивоа на функционирање на Здружението и подржува продуктивна организациска култура.

*Дел 4*
*Политика на нула-толеранција*

4.1. Македонското еколошко друштво ќе применува политика на нула-толеранција во ситуации каде што е утврдено, по пат на истрага, дека нејзините Работници, членови на Здружението, надворешните соработници и/или партнерите на проектите, односно на Здружението, кои со своето дејствие директно или индиректно сторуваат повреда на принципот на родова еднаквост.

*Дел 5*

*Дејствија за активен пристап кон промоција, поттикнување и поддршка на родова еднаквост*

Македонско еколошко друштво
Бул. Борис Трајковски, улица 7, број 9А
1000 Скопје, Македонија
тел: 02 2402 773
моб: 078 371 175
contact@mes.org.mk
www.mes.org.mk

5.1. Здружението се обврзува во своите огласи за вработување/ангажман/волонтерство да потенцира дека истото е поддржувач на родовата еднаквост и дека сите лица кои ги исполнуваат професионалните услови се добредојдени да аплицираат.

5.2. Здружението се обврзува на сите свои вработени/волонтери/надворешни соработници да им го образложи концептот на родова еднаквост и да ги задолжи да се придржуваат кон истиот.

*Дел 6*
*Пријава на повреда на принципот на родова еднаквост*

6.1. Претседателот и директорот на здружението се надлежни за примање на претставки односно информации за евентуално постоење на повреда на принципот на родова еднаквост. Претседателот е надлежен за претставките поднесени од и за членовите на Претседателство, Собрание и другите управни тела на организацијата, а директорот е надлежен за претставките од и за работниците, волонтерите и надворешните соработници на здружението. Овие надлежности ги земаат предвид повредите врзани со сексуална експлоатација и злоупотреба (ова е разработено во посебен Правилник за заштита од сексуална експлоатација и злоупотреба).
6.2. Во случај на повреда на принципот од страна на Претседателот и директорот, пријавата, односно претставката се поднесува до Надзорниот одбор.

*Дел 7*
*Доверливост и заштита против одмазда*

7.1. Информациите за идентитетот на секое лице или ентинтет кој ќе пријави евентуална активност на повреда на принципот на родова еднаквост ќе бидат од доверлив карактер.

7.2. Ниту едно дејствие не смее да се превземе против вработен или друго лице како резултат на одмазда поради пријавување на евентуална активност на измама односно корупција, или пак поради откривање на информации, или доколку соработува во активностите на идентификување на повреда на принципот на родова еднаквост на Македонското еколошко друштво.

*Дел 8*
*Санкции*

8.1. Каде што е утврдено дека постои повреда на принципот на родова еднаквост,

Македонско еколошко друштво
Бул. Борис Трајковски, улица 7, број 9А
1000 Скопје, Македонија
тел: 02 2402 773
моб: 078 371 175
contact@mes.org.mk
www.mes.org.mk

последиците ќе бидат со намера да го заштитат Македонското еколошко друштво од идни слични инциденти и соодветни мерки ќе бидат превземени против извршителот(ите).

*Вработени*

8.2. Надзорниот одбор ја има првичната одговорност за утврдување на повреда на родовата еднаквост од страна на вработените во Здружението. Повредата на принципот на родова еднаквост претставува сериозна повреда на работниот ред и дисциплина, и истата може да биде санкционирана со отстранување на вработен, практикант, волонтер и друго лице ангажирано со договор, и прекин на работниот однос. За лице кое не е вработено, откако ќе биде утврдено дека извршил вакво дејствие, неговиот договор ќе биде прекинат.

За Македонското еколошко друштво

МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО • СКОПЈЕ •

Претседател,
Проф. д-р Славчо Христовски